# ТАНЦОВА СПОРТСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ИЗБОР НА НАЦИОНАЛЕН СЕЛЕКТОР (СТРУЧЕН ТИМ) И НАЦИОНАЛНА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се уредува начинот, условите и постапката за избор на Националниот стручен тренерски тим и избор на Национална репрезентација на ТСФМ.

Член 2

Правилникот за спортската танцова репрезентација одредува:
- Состав и структура на спортската танцова репрезентација
- Критериуми за влегување во составот на Танцовата спортска репрезентацијата
- Критериуми за делегирање на танчери спортисти за Европските и Светските првенства
- Права, обврски и одговорности на членовите на Танцовата спортска репрезентацијата
- Начин на работа на Танцовата спортска репрезентацијата
- Јавна работа на Танцовата спортска репрезентацијата

Член 3

Танцовата спортска репрезентација за својата работа и резултати одговара пред Управниот Одбор на ТСФМ.

## СТРУКТУРА И СОСТАВ НА ТАНЦОВАТА СПОРТСКА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈАТА

Член 4

Танцовата спортска репрезентација на ТСФМ се состои од:
- Национален селектор на Танцовата спортска репрезентација (стручен тренерски тим)
- Танчери спортисти (репрезентативци)

Репрезентативците се регистрирани танчери спортисти на ТСФМ во возрасните категории МЛАДИНЦИ, ПОСТАРИ МЛАДИНЦИ И ВОЗРАСНИ. За полесно и прецизно спроведување на работниот план на репрезентацијата можат да бидат формирани посебни младински и сениорски Танцови спортски репрезентации.

Предлог на танчери спортисти за членови на танцовата спортска репрезентација дава Националниот селектор во координација и соработка со Националниот Администратор на ТСФМ, а го верификува Управниот одбор на ТСФМ.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ВЛЕЗ ВО СОСТАВ НА ТАНЦОВАТА СПОРТСКА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈАТА

Член 5

За Национален селектор на Танцовата спортска репрезентација може да биде избран кандидат кој ги исполнува следните услови:
- да има завршено соодветно високо образование, магистерски или докторски студии стекнато преку систем на школување во акредитирани високообразовни установи од областа на спортот во Р.С.М. или странство (на Факултетот за спорт, четири години, магистерски или докторски студии – насока спортски танц).
- Како тренер да има постигнато успеси со танчерите спортисти на домашните и меѓународните натпревари
- Да е долгогодишен спортски работник во областа на спортските танци
- Да не е дисциплински казнуван од страна на Дисциплинската комисија на ТСФМ

- Да во моментот на изборот не се води дисциплинска постапка против кандидатот
- Редовно да присуствува на стручни семинари во организација на ТСФМ
- Со своето однесување да не ги загрозува интересите на ТСФМ

На предлог на Националниот селектор, може да се формира стручен тренерски тим со лиценцирани тренери и стручни лица кои со заедничка работа би допринеле за успехот на танцовата спортска репрезентација. Овој предлог може да биде прифатен или одбиен од Управниот Одбор на ТСФМ.

Член 6

Танцовата спортска репрезентација делува во склад со Програмата за работа.
Програмата за работа на Танцовата спортска репрезентација ја усвојува Управниот одбор на предлог на Националниот Селектор (стручен тим), а во соработка со Националниот Администратор. Предлог на програмата за работа на танцовата спортска репрезентација за наредната календарска година ја доставува Националниот селектор до Управниот одбор најдоцна до 30.10. во тековната година.

Член 7

Надокнадата на Националниот селектор и стручниот тим за време на нивната работа со танцовата спортска репрезентација се регулира со посебен договор.

Член 8

Доколку Националниот селектор не го исполни планот за работа со танцовата спортска репрезентација или не покажува задоволителни резултати, Управниот одбор може да го разреши.

Член 9

При изборот на стручните лица од другите области на спортот треба да се води сметка за моменталните потреби на Танцовата спортска Репрезентација.

Член 10

**Општи критериуми** за избор на танчери спортисти - репрезентативци:
- Како член на ТСК која е членка на ТСФМ да е уредно регистриран и лиценциран танчер спортист
- Во моментот на изборот да нема дисциплинска постапка против нив
- Да не се дисциплински казнувани во последната година дена од страна на Дисциплинската комисија на ТСФМ
- Со своето однесување и работење да не ги загрозувале интересите на ТСФМ
- Да не учествувале на танцови натпревари надвор од системот за натпреварување на ТСФМ и WDSF
- Во последната година неоправдано да не одбиле повик за учество во проектите и подготовките на Танцовата спортска репрезентација (кампови, семинари, работилници и друго)
- Да го почитуваат кодексот на спортско однесување за време на учеството во проектите и подготовките на Танцовата спортска репрезентација

При избор на репрезентативците мора да бидат исполнети сите општи критериуми.

**Основни критериуми** за избор на репрезентативци:
- На Националните шампионати во спортски танци да освојат од 1 до 3 место

Ова правило не важи за танчерите спортисти кои се натпреваруваат во Б лига и Д категорија во А лига.

Националниот селектор може да го прошири списокот зависно од спортските резултати и реалните потреби на ТСФМ од финалните танчери спортисти на националните шампионати во спортски танци.

При изборот на репрезентативците покрај општите критериуми мораат да бидат исполнети и основните критериуми.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИЦИ НА ЕВРОПСКИТЕ И СВЕТСКИТЕ НАТПРЕВАРИ

Член 11

На WDSF Европските и Светски шампионати и купови во стандардни, латиноамерикански и модерни танци во возрасните групи младинци, постари младинци, возрасни и сениори, Националниот селектор во соработка со Националниот Администратор ги делегира танчерите спортисти од танцовата спортска репрезентација, согласно правилата и критериумите на конкретниот шампионат или куп. За учество на овие шампионати и купови по правило се делегираат националните шампиони и вицешампиони во спортски танци. Третопласираните танчери спортисти се резерва. Доколку некој од делегираните танчери спортисти откаже, националниот селектор може да ги делегира и нив.

Член 12

Конечната одлука за избор на националниот тим, кој ќе ја претставува државата на WDSF Европските и Светски шампионати и купови ја донесува Управниот одбор на ТСФМ.

## ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ТАНЦОВАТА СПОРТСКА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

### НАЦИОНАЛЕН СЕЛЕКТОР (СТРУЧЕН ТИМ)

Член 13

Права и обврски на Националниот селектор (стручен тим) на Танцовата спортска Репрезентација:
- Да ја спроведуваат програмата за работа на танцовата спортска репрезентација
- Предлагаат мерки и постапки за подобрување на начинот на работа на танцовата спортска репрезентација и резултатите на спортските натпревари
- Применуваат најнови и ефикасни методи и принципи за работа со репрезентативците со цел да се зголеми нивниот натпреварувачки квалитет
- Предлагаат измени на танчери спортисти во составот на танцовата спортска Репрезентација
- Други работи кои се во интерес на квалитетот на танцовата спортска репрезентација

### РЕПРЕЗЕНТАТИВЦИ

Член 14

Учеството во работата на спортската танцова репрезентација е чест и должност за

танчерите спортистите. Формите на учествување на репрезентативците во работата на танцовата спортска репрезентација се:

- Учество на подготовките на танцовата спортска репрезентација
- Учество на официјалните WDSF Европски и Светски шампионати и купови.
- Учество на добротворни настапи, промоција на танцовиот спорт и ТСФМ, во склад со целите и задачите на ТСФМ.

Член 15

Повикот за учество на избраните или делегираните репрезентативци го упатува Националниот селектор преку Генералниот секретар на ТСФМ, а на адреса на ТСК на репрезентативецот.

ТСК е должна во назначениот рок да го потврди или одбие учеството на репрезентативецот во писмена форма до Генералниот секретар на ТСФМ.

Член 16

Правата и обврските на репрезентативците:

- Учество на сите подготовки, настапи и активности на танцовата спортска репрезентација
- Придржување кон сите стручни и организациски напатствија од Националниот селектор (стручниот тим) на танцовата спортска репрезентација
- Придржување на кодексот на однесување на спортистите
- Носење ознаки и симболи на државата и ТСФМ на натпреварите и на другите активности на кои се врши промоција на ТСФМ
- Присуство на периодичните тестирања и мерења на психофизичките способности во организација на ТСФМ.
- Да се придржуваат на Правилникот на мерки за превенција и спречување на допинг.
- Да извршат лекарски преглед во соодветна установа за спортска медицина согласно законските прописи.

Член 17

Репрезентативецот го губи правото на членство во танцовата спортска репрезентација:

- Со одлука на Националниот селектор (стручен тим) поради недолично спортско однесување на танцовите спортски натпревари, тренинзите или активностите на танцовата спортска репрезентација
- Ако е казнет со забрана или суспензија за настап или натпреварување од матичниот ТСК на период до кога забраната или суспензијата важи
- Ако е казнет од страна на дисциплинската комисија
- Ако постои забрана или суспензија за настап или натпреварување на матичниот ТСК на период до кога забраната или суспензијата важи
- Ако дојде до промена во составот на спортската танцова двојка или максимално 30% од вкупниот број на танчери спортисти во составот на група или формација.

## ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА

Член 18

Дисциплинска постапка може да се поведе против:

- Репрезентативец кој не одговорил на повикот на Национаниот селектор (стручен тим) во предвидениот рок или неоправдано одбие учество во активностите на танцовата спортска репрезентација

- Репрезентативец кој за време на подготовките неоправдано доцни или недолично се однесува согласно кодексот на спортско однесување.
- Репрезентативец кој неоправдано не настапи на танцовите спортски натпревари за кои е делегиран од страна на Националниот селектор (стручен тим) или неоправдано ја напушти активноста на танцовата спортска репрезентација
- Матичен ТСК кој не одговорил на повикот на Националниот селектор (стручен тим) во предвидениот рок или неоправдано одбие учество на својот член во активностите на танцовата спортска репрезентација
- Матичниот ТСК на репрезентативецот кој го спречува да учествува во активностите на танцовата спортска репрезентација
- Националниот селектор или член на стручен тим кој со неодговорно или нестручно однесување или постапка нанесе штета на угледот на танцовата спортска репрезентација, ТСФМ или на танцовиот спорт.

## ЈАВНА РАБОТА НА ТАНЦОВАТА СПОРТСКА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

Член 19

Работата на танцовата спортска репрезентација е јавна. Јавната работа се истакнува преку записник и објавување на официјалниот сајт и социјалниsе мрежи на ТСФМ

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 20

Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат на начин и постапка како и неговото донесување.

Член 21

Овој правилник стапува на сила со денот на неговото донесување 14.10.2020 и правилникот од 16.03.2003 година престанува да важи.

Скопје, 14.10.2020

Претседател на ТСФМ
Влатко Павлески